Архивски бр.: ИП1 29-96
Дата: 02.04.2025 година

Државниот инспекторат за животна средина преку Имрије Љума Мемеди со службена легитимација број 06-0002 и Љатиф Љатифи Виш Инспектор за животна средина со службена легитимација 06-0014, изврши Вонреден инспекциски надзор во Населба Питарница 2 Гостивар по барање на Управа за животна средина при МЖСПП-Сектор за управување со отпад бр.17-305/1 од 17.03.2025 година. Со Записник бр. ИП1 29-96 од 26.03.2025 година . ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 117 став 1 точка 8 од Закон за управување отпад Сл.Весник на РСМ бр., 216/21 и 3/25 донесе:

РЕШЕНИЕ

СЕ ЗАДОЛЖУВА Физичкото лице Енѓин Целили со мат. бр да преземе мерки за отстранување на недостатоците утврдени со записник бр. ИП1 29-96 од 26.03.2025 година и тоа:

1. Да ги отстрани искористените возила од локацијата во Населба Питарница 2 која не е предвидена за таа намена.

2. Рок: 45 (четриесет и пет) дена од приемот на решението

3. Субјектот на инспекцискиот надзор од точките 1 и 2 на оваа решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциска мерка, а најдоцна во рок од три дена писмено или во електонска пошта да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.

4. Жалбата против ова решение не го одлага неговото извршување.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот инспекторат за животна средина изврши Вонреден инспекциски надзор во Населба Питарница 2 Гостивар по барање на Управа за животна средина при МЖСПП-Сектор за управување со отпад бр.17-305/1 од 17.03.2025 година. При надзорот беа присутни претставници од Државниот инспекторат за животна средина Имрије Љума Мемеди-Државен инспектор за животна средина и Љатиф Љатифи - Виш инспектор за животна средина -канцеларија Гостивар и Енѓин Целили физичко лице . Согласно

Министерство за животна средина и просторно планирање
ДржавенИнспекторат заживотна средина
Палата Емануел Чучков

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapsinor
Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor
Pallati Emanuel Cuckov,

i.luma@sei.gov.mk
tel.076 446 263

Вонредниот инспекциски надзор се изготви Записник за констатација со бр. ИП1 29-96 од 26.03.2025 година.
При увидот на лице место е констатирано следното:
Физичкото лице Енѓин Џелили во населба Питарница 2 Гостивар има складирано повеке од 10 искористени возила во приватен имот кој не негова сопственост и не е предвидена за таа намена, и направил повреда на член 37 од Закон за управување со отпад Сл. Весник на РСМ бр, 216/21 и 3/25.
Согласно овластувањата што произлегуваат од Законот за управување со отпад во врска со член 117 став 1 точка 8 се донесе Решение како во Диспозитивот.
Доколку во определиниот рок не постапи по оваа решение, Државниот инспекторат за животна средина ќе поднесе барање за поведување на Прекршочна постпка согласно член 134 став 1 од Закон за управување со отпад Сл. Весник на РСМ бр, 216/21 и 3/25.

ПРАВНА ПОУКА:
Против ова Решение согласно со членот 84 од Законот за инспекциски надзор (Службен весник на РСМ бр.102/2019) може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочна постапка.
Жалбата се таксира со 250 денари административни таксени марки и се поднесува во два примероци.
Решено во Државен инспекторат за животна средина-канцеларија во Гостивар под број ИП1 29-96 на ден 02.04.2025 година.

Државен инспектор за животна средина
Имрије Љуми Мемети

Доставено до:
Архива
Физичко лице Енѓин Џелили

Министерство за животна средина и просторно планирање
ДржавенИнспекторат заживотна средина
Палата Емануел Чучков

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapsinor
Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor
Pallati Emanuel Cuckov,
i.luma@sei.gov.mk
tel.076 446 263